Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-76/5
07.04.2025 год.
Тетово

Врз основа на член 344 став 1 и 5, 363 став 3, 365 став 1 и 6, 367 став 2 и 3 и 383 став1 точка 3 од Законот за трговски друштва како и член 64 став 1 точка 3, 84 став 2, член 85 став 1, 5 и 10, од Статутот-Пречистен текст на " Жито Полог " АД – Тетово, Собранието на акционери на "Жито Полог " АД – Тетово на седницата одржана на ден 07.04.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за избор на членови на Одбор на директори**
**на Жито Полог АД – Тетово**

I. За членови на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово СЕ ИЗБИРААТ:

1. Катерина Дамјановска со место на живеење на ул.Карл Либкнехт бр.4/3-15 во Скопје –Гази Баба , ВСС, државјанин на Република Северна Македонија

2. Стојна Маџарева со место на живеење на ул.Булевар Партизански Одреди бр.155/1-17 во Скопје - Карпош , ВСС, државјанин на Република Северна Македонија,

3. Сашо Босилков со место на живеење на ул. Леринска бр.57Д/1-7 во Скопје-Карпош, средна стручна подготовка, државјанин на РМ.

II. Од членовите на Одборот на директори наведени во точка 1 од оваа Одлука , за независен член на Одборот на директори се назначува:

- Стојна Маџарева со место на живеење на ул.Булевар Партизански Одреди бр.155/1-17 во Скопје - Карпош

III. Членовите на Одборот на директори од оваа Одлука се избираат со мандат од четири години сметано од денот на изборот, односно сметано од 07.04.2025 година.

IV. Неизвршните членови на Одборот на директори, вклучувајќи ги и независните членови , имаат право на :

- месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари;
- право и на надомест на сите други трошоци, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција(користење на работни простории, потребни средства за работа, право на користење на возило и друго) за што одлука донесува Одборот на директори

V. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори , се трошоци на работењето на Друштвото.

VI. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните членови на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово ја поднесува Генералниот Извршен директор на Жито Полог АД – Тетово.

VII. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VIII. По еден примерок од одлуката да се достави до:

- трговскиот регистар;
- членовите на Одборот на директори;
- правен сектор;
- архива

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

---------------------------------------------------------

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО